| Б и Љ,<br>Боро и Љупчо<br>д.о.о. - Скопје | Ревизија, Проценка и Финансиски Консалтинг | Дрезденска бр. 52<br>1000 Скопје<br>Македонија | Тел: + 389 (02) 3066-604<br>Тел: + 389 (02) 3061-185<br>Факс:+ 389 (02) 3094-919 |
|---|---|---|---|

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Одборот на директори на НЕОКОМ АД - Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на НЕОКОМ АД - Скопје што ги вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2009 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на НЕОКОМ АД - Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на НЕОКОМ АД - Скопје заклучно со 31 декември 2009 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 15 март 2010 година

Овластен ревизор

Пецев Љупчо

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

## НЕОКОМ АД - Скопје

## БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2009 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5 | 596.502 | 608.050 |
| Останати оперативни приходи | 6 | 23.021 | 18.860 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **619.523** | **626.910** |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 7 | -393.940 | -438.111 |
| Плати и надоместоци на вработените | 8 | -40.095 | -32.697 |
| Амортизација | 12 | -8.572 | -8.953 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | -7.502 | -9.704 |
| Останати оперативни расходи | 9 | -111.412 | -99.143 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **-561.521** | **-588.608** |
| **Добивка од оперативно работење** | | **58.002** | **38.302** |
| Финансиски приходи/трошоци | 10 | 3.920 | 1.739 |
| **Добивка пред оданочување** | | **61.922** | **40.041** |
| Данок на добивка | | -1.461 | -5.208 |
| **Добивка по оданочување** | | **60.461** | **34.833** |
| **Основна заработувачка по акција (во денари)** | 11 | **4.233** | **2.439** |

**Белешките содржани од страна 9 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# НЕОКОМ АД - Скопје

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2009 година**

| во илјади денари | Белешки | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Долгорочни средства** | | | |
| Основни средства | 12 | 281.252 | 282.466 |
| Нематеријални средства | 12 | 165 | 145 |
| Вложувања расположливи за продажба | 13 | 25.787 | 25.787 |
| Долгорочни кредити | | 1.494 | 1.621 |
| **Вкупно** | | **308.698** | **310.019** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 14 | 62.012 | 96.183 |
| Побарувања од купувачи | 15 | 214.669 | 141.198 |
| Останати краткорочни побарувања | 16 | 3.251 | 3.608 |
| Побарувања за аванси, депозити и кауции | 17 | 1.987 | 2.401 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 18 | 3.500 | 78.824 |
| Активни временски разграничувања | | 1.940 | 1.912 |
| Парични средства и хартии од вредност | 19 | 2.972 | 22.648 |
| **Вкупно** | | **290.331** | **346.774** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **599.029** | **656.793** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | | 44.280 | 44.280 |
| Сопствени акции | | - | - |
| Законски резерви | | 9.369 | 9.369 |
| Посебни резерви | | - | 46.125 |
| Ревалоризациони резерви | | 2.127 | 2.127 |
| Нераспределена добивка | | 464.502 | 371.914 |
| Останат капитал | | 1.204 | 1.204 |
| **Вкупно** | | **521.482** | **475.019** |
| **Долгорочни кредити** | | **-** | **-** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 20 | 61.382 | 68.103 |
| Останати краткорочни обврски | 21 | 2.102 | 14.319 |
| Обврски за примени аванси | 22 | 9.594 | 98.601 |
| Обврски по краткорочни кредити | 23 | 4.074 | - |
| Пасивни временски разграничувања | | 395 | 751 |
| **Вкупно** | | **77.547** | **181.774** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **599.029** | **656.793** |

**Белешките содржани од страна 9 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## НЕОКОМ АД - Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
## за годината завршена на 31 декември 2009 година

| во илјади денари | Акцион. капитал | Сопств. акции | Законски резерви | Посебни резерви | Ревалор. резерви | Нераспред. добивка | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009** | **44.280** | **-** | **9.369** | **46.125** | **2.127** | **371.914** | **1.204** | **475.019** |
| Распределено за дивиденди и награди | - | - | - | - | - | -13.998 | - | -13.998 |
| Прекнижени посебни резерви за купување сопствени акции | - | - | - | -46.125 | - | 46.125 | - | 0 |
| Усогласување на вредност на вложувања | - | - | - | - | - | - | - | 0 |
| Нето добивка од 2009 година | - | - | - | - | - | 60.461 | - | 60.461 |
| **Состојба 31.12.2009** | **44.280** | **0** | **9.369** | **0** | **2.127** | **464.502** | **1.204** | **521.482** |

| во илјади денари | Акцион. капитал | Сопств. акции | Законски резерви | Посебни резерви | Ревалор. резерви | Нераспред. добивка | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008** | **54.989** | **-8.115** | **9.369** | **15.000** | **2.106** | **380.511** | **1.204** | **455.064** |
| Распределено за дивиденди и награди | - | - | - | - | - | -14.899 | - | -14.899 |
| Издвоени посебни резерви за купување сопствени акции | - | - | - | 31.125 | - | -31.125 | - | 0 |
| Поништени и повлечени откупени сопствени акции и усогласување со судска регистр. | -10.709 | 8.115 | - | - | - | 2.594 | - | 0 |
| Усогласување на вредност на вложувања | - | - | - | - | 21 | - | - | 21 |
| Нето добивка од 2008 година | - | - | - | - | - | 34.833 | - | 34.833 |
| **Состојба 31.12.2008** | **44.280** | **0** | **9.369** | **46.125** | **2.127** | **371.914** | **1.204** | **475.019** |

**Белешките содржани од страна 9 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# НЕОКОМ АД - Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**за годината завршена на 31 декември 2009 година**

| **во илјади денари** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|
| **А. Парични текови од деловни активности** | | |
| Нето добивка | 60.461 | 34.833 |
| Амортизација | 8.572 | 8.953 |
| Капитална добивка / загуба и приходи од продажба на основни средства | -668 | -1.968 |
| Неотпишана вредност на продадени и расходувани основ. средства | - | 632 |
| Залихи | 34.171 | -26.799 |
| Побарувања од купувачи | -73.471 | -57.856 |
| Останати краткорочни побарувања | 357 | -1.323 |
| Побарувања за аванси | 414 | -1.005 |
| Активни временски разграничувања | -28 | -52 |
| Обврски спрема добавувачи | -6.721 | 34.901 |
| Останати краткорочни обврски | -12.217 | 2.432 |
| Обврски за аванси | -89.007 | 31.133 |
| Пасивни временски разграничувања | -356 | -113 |
| **Нето парични одливи / приливи од деловни активности** | **-78.493** | **23.768** |
| **Б. Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавки на основни и нематеријални средства | -7.378 | -7.376 |
| Прилив од продажба на основни средства | 668 | 1.968 |
| Прилив / одлив од краткорочни финансиски вложувања | 75.324 | -69.691 |
| Прилив / одлив од долгорочни вложувања | - | - |
| Прилив од долгорочни кредити | 127 | 106 |
| **Нето парични приливи / одливи од инвестициони активности** | **68.741** | **-74.993** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Прилив од кредити | 4.074 | - |
| Откупени сопствени акции | - | - |
| Исплатени дивиденди и награди | -13.998 | -14.899 |
| **Нето парични одливи од финансиски активности** | **-9.924** | **-14.899** |
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **-19.676** | **-66.124** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **22.648** | **88.772** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **2.972** | **22.648** |

**Белешките содржани од страна 9 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи**